# СЛУЖБЕН ЛИСТ
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-19644

Петок, 6 ноември 1981
БЕЛГРАД
БРОЈ 60 ГОД. XXXVII

Цена на овој број е 32 динари. — Претплатата за 1981 година изнесува 1.000 динари. Рок за рекламации 15 дена. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-855; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756



...a zastitu na ...
...a na grad
91000 Sk...


636.

Врз основа на член 288 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 3 од Законот за Советот на Федерацијата, Собранието на СФРЈ, на предлог од Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата на Сојузниот собор од 28 октомври 1981 година и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 4 ноември 1981 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

За член на Советот на федерацијата се избира Коста Нађ.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 471
4 ноември 1981 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ**, с. р.

Претседател
на Соборот на
републиките и
покраините,
**Зоран Полич**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Стана Томашевиќ-Арнесен**, с. р.

637.

Врз основа на член 288 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 72 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именување, а по прибавеното мислење од Сојузниот извршен совет, на седницата на Сојузниот собор од 28 октомври 1981 година и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 4 ноември 1981 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ГУВЕРНЕР НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

Се разрешува од должноста гувернер на Народната банка на Југославија д-р Ксенте Богоев поради истекот на периодот за кој е именуван.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 472
4 ноември 1981 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ**, с. р.

Претседател
на Соборот на
републиките и
покраините,
**Зоран Полич**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Стана Томашевиќ-Арнесен**, с. р.

638.

Врз основа на член 288 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 72 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именување, а по прибавеното мислење од Сојузниот извршен совет, на седницата на Сојузниот собор од 28 октомври 1981 година и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 4 ноември 1981 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ГУВЕРНЕР НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

За гувернер на Народната банка на Југославија се именува Радован Макиќ, амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Сојузна Република Германија.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 472
4 ноември 1981 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ**, с. р.

Претседател
на Соборот на
републиките и
покраините,
**Зоран Полич**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Стана Томашевиќ-Арнесен**, с. р.

**639.**

Врз основа на член 288 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 73 став 3 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именување, а по прибавеното мислење од Сојузниот извршен совет, на седницата на Сојузниот собор од 28 октомври 1981 година и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 4 ноември 1981 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЗАМЕНИК-ГУВЕРНЕР НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

Се разрешува од должноста заменик-гувернер на Народната банка на Југославија Илија Марјановиќ, поради истекот на периодот за кој е именуван.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 473
4 ноември 1981 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ**, с. р.

Претседател
на Соборот на
републиките и
покраините,
**Зоран Полич**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Стана Томашевиќ-Арнесен**, с. р.

**640.**

Врз основа на член 288 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 73 став 3 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именување, а по прибавеното мислење од Сојузниот извршен совет, на седницата на Сојузниот собор од 28 октомври 1981 година и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 4 ноември 1981 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК-ГУВЕРНЕР НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

За заменик-гувернер на Народната банка на Југославија се именува Миодраг Вељковиќ, генерален директор на Службата на општественото книговодство во Социјалистичка Република Србија.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 473
4 ноември 1981 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ**, с. р.

Претседател
на Соборот на
републиките и
покраините,
**Зоран Полич**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Стана Томашевиќ-Арнесен**, с. р.

**641.**

Врз основа на член 36 став 3, на член 37 став 2 и на член 56 став 1 од Законот за книговодството („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/81), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА
## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УРЕДБАТА ЗА КОНТНИОТ ПЛАН И ЗА БИЛАНСИТЕ ЗА ЗАЕДНИЦИТЕ НА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Уредбата за контниот план и за билансите за заедниците на осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/77) член 5 се брише.

Член 2

Во член 7 зборовите: „до 5" се заменуваат со зборовите: „и 4".

Член 3

Во Контниот план за заедниците на осигурување, кој е отпечатен кон Уредбата за контниот план и за билансите за заедниците на осигурување, се вршат следните измени и дополненија:

1) во групата конта „12 — Побарувања по основ на премии" во називот на контото 123 по зборот: „осигурување" се додаваат зборовите: „и реосигурување";

2) во групата конта „40 — Придонес за превентива" конто „401 — Придонес на фондот за превентива" се брише;

3) групата конта „43 — Придонес за математички резерви на осигурување на животот" се менува и гласи:

„43 — СРЕДСТВА ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ

430 — Средства за фондови на превентива

431 — Средства за математички резерви на осигурување на животот

432 — Средства за набавка на средства на трудот";

4) група конта 70 се менува и гласи:

„70 — ПРИХОДИ ОД ПРЕМИИ НА ОСИГУРУВАЊЕ

700 — Приходи од премии на осигурување на ОЗТ на стопанските дејности

701 — Приходи од премии за осигурување на ОЗТ на општествените дејности

705 — Приходи од премии на осигурување на други КОС

706 — Приходи од премии на осигурување на населението

707 — Приходи од премии на осигурување на странски лица";

5) групите конта 71 и 72 се бришат;

6) во групата конта „73 — Приходи од премии и по основ на учество во штети од соосигурување и реосигурување" по контото „734 — Приходи по основ на учество во штети од реосигурување во странство", се додава контото 735, кое гласи:

„735 — Приходи по основ на камати и провизии по договор за реосигурување во странство";

7) во групата конта „76 — Други приходи“ конто „762 — Други приходи“ се заменува со две нови конта, кои гласат:

„762 — Приходи по основ на повеќе резервирани штети

768 — Други приходи“;

8) во групата конта „79 — Распоред на приходите“, контата 790 и 791 се заменуваат со ново конто 790, кое гласи:

„790 — Распоред на приходите“;

9) групата конта 80 се менува и гласи:

„80 — ВИШОК НА ПРИХОДИТЕ

800 — Вишок на приходите

809 — Распоред на вишокот на приходите“;

10) групата конта 81 се брише;

11) групата конта 82 се менува и гласи:

„82 — РАСПОРЕД НА ВИШОКОТ НА ПРИХОДИТЕ

820 — Дел од вишокот на приходите за фондот на резерви за сигурност

821 — Дел од вишокот на приходите за фондот на математичката резерва за осигурување на животот

822 — Дел од вишокот на приходите за фондот за превентива

823 — Дел од вишокот на приходите за деловниот фонд

828 — Дел од вишокот на приходите за други намени“;

12) групата конта 83 се брише.

Член 4

Во Образецот Биланс на состојбата на ден ———— 19—— година, во редниот број 17 во колоната 3 во називот на позицијата по зборот: „осигурување“ се додаваат зборовите: „и реосигурување“.

Член 5

Образецот Приходи и расходи во текот на годината — Биланс на приходите и расходите од 1 јануари до ———— 19—— година се менува и гласи:

„Заедница на осигурувањето: ————————

Заедница на ризикот: ————————

ПРИХОДИ И РАСХОДИ ВО ТЕКОТ НА ГОДИНАТА — БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ
од 1 јануари до ———— 19—— година

| Реден број | Конто | Елементи | Износ — претходна година | Износ — тековна година |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | | **А. УТВРДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ РЕЗУЛТАТ** | | |
| | | I РАСХОДИ | | |
| | | **а) Придонеси за превентива** | | |
| 1 | 400 | Противпожарен придонес | | |
| 2 | 408 | Други придонеси за превентива | | |
| 3 | | Вкупно (ред.бр. 1 и 2) | | |
| | | **б) Расходи по основ на осигурувањето** | | |
| 4 | 410 | Надомести на штети и договорени износи по основ на осигурување на ОЗТ на стопанските дејности | | |
| 5 | 411 | Надомести на штети и договорени износи по основ на осигурување на ОЗТ на општествените дејности | | |
| 6 | 415 | Надомести на штети и договорени износи по основ на осигурување на други КОС | | |
| 7 | 416 | Надомести на штети и договорени износи по основ на осигурување на населението | | |
| 8 | 417 | Надомести на штети и договорени износи по основ на осигурување на странски лица | | |
| 9 | 418 | Резервирани штети | | |
| 10 | | **Вкупно (ред. бр. 4 до 9)** | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| | | **в) Расходи по основ на соосигурување и реосигурување** | | |
| 11 | 420 | Расходи по основ на премии на соосигурување | | |
| 12 | 421 | Расходи по основ на премии на реосигурување во Југославија | | |
| 13 | 422 | Расходи по основ на премии на реосигурување во странство | | |
| 14 | 425 | Расходи по основ на учество во штети на соосигурување и реосигурување во Југославија | | |
| 15 | 426 | Расходи по основ на учество во штети на соосигурување и реосигурување во странство | | |
| 16 | 427 | Расходи по основ на камати и провизии по договор за реосигурување во странство | | |
| 17 | | Вкупно (ред.бр. 11 до 16) | | |
| | | **г) Средства за посебни намени** | | |
| 18 | 430 | Средства за фондовите за превентива | | |
| 19 | 431 | Средства за математички резерви на осигурување на живот | | |
| 20 | 432 | Средства за набавка на средства на трудот | | |
| 21 | | Вкупно (ред. бр. 18 до 20) | | |
| | | **д) Материјални расходи и амортизација** | | |
| 22 | 440 | Материјал | | |
| 23 | 441 | Потрошена енергија | | |
| 24 | 442 | Производствени услуги на дру... | | |
| 25 | 443 | Непроизводствени услуги на други | | |
| 26 | 444 | Издатоци за реклама и пропаганда | | |
| 27 | 445 | Издатоци за репрезентација | | |
| 28 | 446 | Амортизација | | |
| 29 | 448 | Други материјални расходи | | |
| 30 | | Вкупно (ред. бр. 22 до 29) | | |
| | | **ѓ) Други расходи** | | |
| 31 | 450 | Надомести за банкарски услуги | | |
| 32 | 451 | Надомести за услуги на СОК во платниот промет | | |
| 33 | 452 | Камати на кредити | | |
| 34 | 453 | Премии на осигурување | | |
| 35 | 454 | Дневници за службени патувања во Југославија | | |
| 36 | 455 | Дневници за службени патувања во странство | | |
| 37 | 456 | Придонеси и членарини | | |
| 38 | 457 | Отплати на санациони кредити | | |
| 39 | 458 | Други расходи | | |
| 40 | | Вкупно (ред. бр. 31 до 39) | | |
| | | **е) Лични расходи, средства за работната заедница, даноци и придонеси и други давачки** | | |
| 41 | 460 | Лични расходи | | |
| 42 | 461 | Средства за работната заедница за редовна дејност | | |
| 43 | 462 | Средства за работната заедница за посебни намени | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 44 | 463 | Даноци и други давачки од приходи | | |
| 45 | 464 | Придонеси за ризик од земјотрес | | |
| 46 | 468 | Други придонеси од приходи | | |
| 47 | | Вкупно (ред. бр. 41 до 46) | | |
| 48 | | ВКУПНО (ред. бр. 3+10+17+21+30+40+47) | | |
| 49 | | ВИШОК НА ПРИХОДИТЕ (ред. број 67 минус ред. број 48) | | |
| 50 | | ВКУПНО (ред. број 48 плус ред. број 49 = ред. број 67) | | |
| | | II. ПРИХОДИ | | |
| | | **а) Приходи од премии на осигурување** | | |
| 51 | 700 | Приходи од премии на осигурување на ОЗТ на стопанските дејности | | |
| 52 | 701 | Приходи од премии на осигурување на ОЗТ на општествените дејности | | |
| 53 | 705 | Приходи од премии на осигурување на други КОС | | |
| 54 | 706 | Приходи од премии на осигурување на населението | | |
| 55 | 707 | Приходи од премии на осигурување на странски лица | | |
| 56 | | Вкупно (ред. бр. 51 до 55) | | |
| | | **б) Приходи од премии и по основ на учество во штети на соосигурување и реосигурување** | | |
| 57 | 730 | Приходи од премии на соосигурување | | |
| 58 | 731 | Приходи од премии на реосигурување во Југославија | | |
| 59 | 732 | Приходи од премии на реосигурување во странство | | |
| 60 | 733 | Приходи по основ на учество во штети од соосигурување и реосигурување во Југославија | | |
| 61 | 734 | Приходи по основ на учество во штети од реосигурување во странство | | |
| 62 | 735 | Приходи по основ на камати и провизии според договор за реосигурување во странство | | |
| 63 | | Вкупно (ред. бр. 57 до 62) | | |
| | | **в) Други приходи** | | |
| 64 | 760 | Приходи од камати | | |
| 65 | 761 | Приходи по основ на учество во заедничкиот доход | | |
| 66 | 762 | Приходи по основ на повеќе резервирани штети | | |
| 67 | 768 | Други приходи | | |
| 68 | | Вкупно (ред. број 64 до 67) | | |
| 69 | | ВКУПНО (ред. бр. 56+63+68) | | |
| 70 | | НЕПОКРИЕНИ РАСХОДИ (ред. број 48 минус ред. број 69) | | |
| 71 | | ВКУПНО (ред. број 69 плус ред. број 70 = ред. број 48) | | |
| | | **Б. РАСПОРЕД НА ВИШОКОТ НА ПРИХОДИТЕ** | | |
| | | I. РАСПОРЕД НА ВИШОКОТ НА ПРИХОДИТЕ | | |
| 72 | 820 | Дел од вишокот на приходите за резерва на сигурноста | | |
| 73 | 821 | Дел од вишокот на приходите за математичка резерва на осигурување на животот | | |
| 74 | 822 | Дел од вишокот на приходите за фондот за превентива | | |
| 75 | 823 | Дел од вишокот на приходите за проширување на материјалната основа на трудот | | |
| 76 | 824 | Дел од вишокот на приходите за други намени | | |
| 77 | | ВКУПНО (ред. бр. 72 до 76) | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| | | II. ВИШОК НА ПРИХОДИТЕ | | |
| 78 | 800 | Вишок на приходите од премии на осигурување по други основи | | |
| | | **В. НЕПОКРИЕНИ РАСХОДИ И НИВНО ПОКРИТИЕ** | | |
| | | I. ПОКРИТИЕ НА РАСХОДИТЕ | | |
| 79 | 899 | Покритие на расходите | | |
| 80 | 997 | Покритие на расходите од средствата со обврска за враќање | | |
| 81 | 095 | Непокриени расходи | | |
| 82 | | ВКУПНО (ред. бр. 79 до 81 = ред. број 89) | | |
| | | II. НЕПОКРИЕНИ РАСХОДИ | | |
| 83 | 890 | Непокриени расходи (ред. број 83 = ред. број 70) | | |

Раководител на книговодството,

Директор,

Забелешка: Кратенките употребени во овој образец го имаат следното значење:

1) ОЗТ — организација на здружен труд
2) КОС — корисник на општествени средства
3) СОК — Служба на општественото книговодство".

Член 6

Образецот Заклучен лист на ден ——————19—— година, се брише.

Член 7

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден одденот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 474
22 октомври 1981 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Веселин Ѓурановиќ**, с. р.

**642.**

Врз основа на член 57 став 2 од Законот за книговодството („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/81), сојузниот секретар за финансии пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИТЕ КОНТА ВО КОНТНИОТ ПЛАН ЗА ЗАЕДНИЦИТЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

Член 1

Во Правилникот за содржината на одделните конта во контниот план за заедниците на осигурувањето („Службен лист на СФРЈ", бр. 42/77), во член 21 став 2. броевите „71, 72" се бришат.

Став 3 се менува и гласи:

„На контото 191 — Резервирани штети, се искажуваат намалувањата на износите на резервираните штети врз товар на ова конто а во корист на контото 418 — Резервирани штети. Ако износот на намалувањата на резервираните штети е поголем од состојбата искажана на контото 418, разликата му се одобрува на контото 762 — Приходи по основ на повеќе резервирани штети."

Во ст. 5 и 6 броевите: „71, 72" се бришат.

Член 2

Во член 31 став 3 се менува и гласи:

„На контото 291 — Резервирани штети, се искажуваат настанатите а ненамирени (неликвидирани) обврски по основ на осигурување. Ако износот на резервираните штети на крајот од еден пресметковен период во однос на претходната година, односно во однос на претходниот пресметковен период е поголем од состојбата искажана на контото 291 по намалувањето за состојбата искажана на контото 191, за разликата се задолжува контото 418, а се одобрува контото 291. Контото 418 не ќе се задолжи за зголемувањето на износот на резервираните штети ако на контото 762 се искажува состојбата во кој случај се задолжува контото 762 до износот на состојбата искажана на тоа конто".

Член 3

Во член 36 се додаваат два нови става, кои гласат:

„Контата 410 до 417 се задолжуваат за утврдените (ликвидираните) штети а му се одобрува на контото 100 односно на соодветното конто од групата на конта 23. На тие конта се искажуваат ликвидирани сите штети па и во случај кога е вршена пресметка на резервираните штети.

Контото 418 — Резервирани штети, се задолжува за износот на зголемувањето на резервираните штети на крајот од еден пресметковен период во однос на претходната година, односно во однос на претходниот пресметковен период. Ако во наредниот пресметковен период се утврди намалување на износот на резервираните штети до износот на состојбата искажана на контото 418 се одобрува тоа контото со методот на црвено сторно на долговната страна, а за разликата се одобрува контото 762 — Приходи по основ на повеќе резервирани штети, со задолжување на конто 191."

Член 4

Член 38 се менува и гласи:

„На контата од групата 43 — Средства за посебни намени, се искажува делот од премијата на осигурувањето што ќе се распореди за фондовите на превентива, за математичките резерви на осигурувањето на животот и за набавка на средства на трудот."

Член 5

Чл. 45 до 47 се заменуваат со нов член 45, кој гласи:

„На контата од групата 70 — Приходи од премии на осигурувањето, се искажуваат остварените приходи од премиите на осигурувањето по сите основи во износи што се однесуваат на деловната година."

Член 6

Во член 48 по зборовите: „во штети од соосигурување и реосигурување", се додаваат зборовите: „како и по основ на камати и провизии според договор за реосигурување во странство,".

Член 7

Во член 49 броевите: „71 и 72" се бришат.

По став 1 се додава став 2, кој гласи:

„На контото 762 — Приходи по основ на повеќе резервирани штети, се искажува износот на намалувањето на резервираните штети во делот за кој не може да му се одобри на контото 418 со методот на црвено сторно. Ако во наредниот пресметковен период во однос на претходниот пресметковен период се утврди зголемување на износот на резервираните штети, до износот искажан на контото 762 се задолжува тоа конто, а му се одобрува на контото 291."

Член 8

Член 50 се менува и гласи:

„Контото 790 — Распоред на приходите, се задолжува за разликата помеѓу приходите и расходите во корист на контото 800 — Вишок на приходи, односно се одобрува за разликата помеѓу расходите и приходите врз товар на контото 890 — Непокриени расходи. На крајот на годината состојбите искажани на контата од групите 70, 73 и 76 — се пренесуваат во корист на ова конто."

Член 9

Чл. 51 до 55 се заменуваат со нови чл. 51 до 53, кои гласат:

„Член 51

На контото 800 — Вишок на приходи, се пренесува износот на вишокот на приходите од контото 790 во корист на ова конто.

Контото 809 — Распоред на вишокот на приходи, се задолжува за износот на вишокот на приходите искажан на контото 800 во корист на соодветните конта од групата 82 — Распоред на вишокот на приходи.

На крајот на годината состојбата искажана на контото 809 се пренесува со одобрение на ова конто, врз товар на контото 800.

Член 52

На контата од групата 82 — Распоред на вишокот на приходи, се распоредува вишокот на приходи според називите на одделните конта од оваа група и на начинот утврден со самоуправната спогодба за основање на заедницата на осигурувањето, со статутот и со други самоуправни општи акти, при задолжување на контото 809.

Член 53

На контото 890 — Непокриени расходи, на крајот од пресметковниот период, односно на крајот на годината се пренесува износот на непокриените расходи врз товар на ова конто во корист на контото 790.

На контото 899 — Покритие на расходите, се одобрува износот на непокриените расходи што се покрива врз товар на резервите на сигурноста или на други средства, во согласност со самоуправната спогодба за основање на заедницата на осигурувањето, со статутот и со друг самоуправен општ акт. На крајот на годината износот на непокриените расходи што ќе остане непокриен се пренесува врз товар на контото 095 — Непокриени расходи, во корист на ова конто.

На крајот на годината состојбата искажана на контото 899 се пренесува со задолжување на ова конто во корист на контото 890."

Член 10

Заедниците на осигурувањето ќе го усогласат водењето на книговодството со одредбите од овој правилник најдоцна до 31 декември 1981 година.

Член 11

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ"

Бр. 1-10247/1
28 октомври 1981 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Петар Костиќ**, с. р.

**643.**

Врз основа на член 16 од Законот за постојаните средства за Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1981 до 1985 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 74/80), сојузниот секретар за финансии издава

## НАРЕДБА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ И АМОРТИЗАЦИЈА НА ОБВРЗНИЦИТЕ НА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ

1. Во Наредбата за издавање и амортизација на обврзниците на Фондот на федерацијата за креди-

тирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/81), во точка 5 став 1 на крајот се додаваат запирка и зборовите: „на начин што ќе го определи Фондот во спогодба со Народната банка на Југославија.".

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 6-9707
21 октомври 1981 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Петар Костиќ**, с. р.

## 644.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА СПИСАНИЕТО „ЕРОСА"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на списанието „ЕРОСА", број 1917 од 3 октомври 1981 година, што излегува на италијански јазик во Милано, Италија.

Бр. 650-1-12/586
21 октомври 1981 година
Белград

Заменик-сојузен
секретар за внатрешни
работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

## 645.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА СПИСАНИЕТО „LA DOMENICA DEL CORRIERE"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на списанието „La domenica del corriere", број 40 од 3 октомври 1981 година, што излегува на италијански јазик во Милано, Италија.

Бр. 650-1-12/581
23 октомври 1981 година
Белград

Заменик-сојузен
секретар за внатрешни
работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

## 646.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ" бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА СПИСАНИЕТО „DER SPIEGEL"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на списанието „Der Spiegel", број 41 од 5 октомври 1981 година, што излегува на германски јазик во Хамбург, Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-22/940
21 октомври 1981 година
Белград

Заменик-сојузен
секретар за внатрешни
работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

## 647.

Врз основа на член 124 од Уставот на СФРЈ и член 579 од Законот за здружениот труд („Службен лист на СФРЈ", бр. 53/76) во врска со Самоуправната спогодба за основите на дејствувањето и задачите на Југословенскиот центар за теорија и практика на самоуправувањето „Едвард Кардељ", Собранието на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Словенија, Собранието на Социјалистичка Република Србија, Саборот на Социјалистичка Република Хрватска, Собранието на Социјалистичка Република Црна Гора, Собранието на Социјалистичка Автономна Покраина Војводина, Собранието на Социјалистичка Автономна Покраина Косово, централниот комитет на Сојузот на комунистите на Југославија, Сојузната конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија, Советот на Сојузот на синдикатите на Југославија, Стопанската комора на Југославија, Советот на академиите на науките и уметностите на Југославија, Заедницата на универзитетите на Југославија, Постојаната конференција на градовите и општините на Југославија, и Југословенскиот центар за теорија и практика на самоуправувањето „Едвард Кардељ", склучуваат

### ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР
### ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА ЗА РАБОТА НА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ЦЕНТАР ЗА ТЕОРИЈА И ПРАКТИКА НА САМОУПРАВУВАЊЕТО „ЕДВАРД КАРДЕЉ" ВО ЉУБЉАНА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1981 ДО 1985 ГОДИНА

Член 1

Југословенскиот центар за теорија и практика на самоуправувањето „Едвард Кардељ" во Љубљана (во натамошниот текст: Југословенскиот центар) има за цел да поттикнува, координира и организира општествено-политичко и научно проучување и истражување на теоријата и практиката на социјалистичкото самоуправување за побрза самоуправна преобразба на југословенското општество и за поголема афирмација на самоуправувањето во светот. За таа цел Југословенскиот центар развива научноистражувачка, информативно-документациона, образовна

и издавачка дејност, посебно ангажирајќи се врз натамошно истражување, проучување, разработка и примена на научно-теориската работа и на целокупното творештво на Едвард Кардељ.

Заради остварување на заедничките интереси на сите народи и народности на Југославија утврдени во претходниот став, потписниците на Општествениот договор за обезбедување на дел од средствата за работа на Југословенскиот центар за теорија и практика на самоуправувањето „Едвард Кардељ“ во Љубљана (во натамошниот текст: Општествениот договор) се согласни да ги утврдат меѓусебните односи и обврски во обезбедувањето дел од средствата за финансирање на програмата за работа на Југословенскиот центар, согласно со критериумите утврдени во член 17 на Самоуправната спогодба за основите на дејствувањето и задачите на Југословенскиот центар за теорија и практика на самоуправувањето „Едвард Кардељ“.

Член 2

Учесниците на овој општествен договор констатираа:

— дека Југословенскиот центар го основале Сојузната конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија, Советот на Сојузот на синдикатите на Југославија, Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Југославија, Советот на академиите на науките и уметностите на Југославија, Заедницата на универзитетите на Југославија, Сојузот на републичките и покраинските самоуправни интересни заедници за научни дејности во СФРЈ, Стопанската комора на Југославија и Постојаната конференција на градовите и општините на Југославија; кои според тој основ, а и според основот на овој општествен договор преземаат определени обврски во обезбедувањето на средствата за работа на Југословенскиот центар, и тоа секој од основачите во согласност со своите програмски цели и потреби и во зависност од своите можности;

— дека основите на дејствувањето и задачите на Југословенскиот центар се утврдени со Самоуправната спогодба што ја склучиле основачите на Југословенскиот центар;

— дека во согласност со таа самоуправна спогодба основачите на Југословенскиот центар, со учество на делегати на организациите на социјалистичкиот сојуз на работниот народ на социјалистичките републики и социјалистичките автономни покраини ќе ја утврдуваат програмата за работа на Југословенскиот центар;

— дека Југословенскиот центар својата целокупна активност, а посебно — утврдувањето и остварувањето на програмата за работа, ќе ја организира така што сите потписници на овој општествен договор, а и широката научна и општествена јавност да можат да остваруваат соодветно влијание и да соучествуваат во подготвувањето на неговата — програма и да остваруваат непосреден увид во дејствувањето на Југословенскиот центар во целост (редовно информирање на потписниците на општествениот договор за извршување на програмата, проширување на дејноста на Југословенскиот центар во оние области за кои потписниците на Општествениот договор имаат посебен интерес, доставување на соодветни публикации и извештаи што Југословенскиот центар ги издава, помош во организацијата и изведувањето на одделни научноистражувачки проекти и друго).

Член 3

Учесниците на овој општествен договор се согласни републиките и автономните покраини најдоцна до 1985 година да обезбедуваат дел од средствата за финансирање на програмата за работа на Југословенскиот центар, со тоа што другиот дел од средствата да го обезбедува Југословенскиот центар врз основа на слободна размена на трудот.

Учесниците на овој општествен договор се согласни делот од средствата што го обезбедуваат републиките и автономните покраини за остварување на програмата за работа на Југословенскиот центар во 1981 година да изнесува 15 милиони динари, а износот на средствата за наредните години, заклучно со 1985 година, ќе се утврдува врз основа на годишна програма за работа и во зависност од износот на делот од средствата што Југословенскиот центар го остварува со слободна размена на трудот, за секоја година посебно.

Како основица за утврдување на делот од средствата за остварување на програмата на Југословенскиот центар за периодот од 1982 до 1985 година се зема износот од 15 милиони динари, кој се валоризира по стапка до која, во согласност со општествениот план на Југославија, односно со резолуцијата за соодветната година, можат да се зголемат средствата за финансирање на општите и заедничките општествени потреби во одделна година. Републиките и автономните покраини како учесници на овој општествен договор ќе определат од кои извори ќе се обезбедат средствата утврдени во ст. 2 и 3 на овој член и на кој начин ќе се изврши уплата на тие средства на Југословенскиот центар.

Член 4

Републиките и автономните покраини како учесници на овој општествен договор се согласни дел на средствата од член 3 на овој општествен договор да обезбедат за секоја година со тоа што на Југословенскиот центар ќе му се уплатува најмалку еднаш во три месеци во еднакви рати, сразмерно со придонесот на буџетот на федерацијата за одделна година.

Член 5

Учесниците на овој општествен договор се согласни дека потребните средства за изработка на одделни научни проекти од значење за општествено-политичкиот систем и за развојот на самоуправувањето, во согласност со Самоуправната спогодба за основите на дејствувањето и задачите на Југословенскиот центар за теорија и практика на самоуправувањето „Едвард Кардељ“, ќе ги обезбедуваат одделните основачи на Југословенскиот центар и другите заинтересирани организации и заедници.

Член 6

Секој учесник на овој општествен договор може да покрене иницијатива за негова измена и дополнение.

За иницијативата за измена и дополнение на овој општествен договор ќе се известат навремено сите учесници.

Член 7

Овој општествен договор влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Во Белград, 21 јули 1981 година

За Собранието на СР Босна и Херцеговина,
**Есад Хорозиќ**, с. р.

За Собранието на СР Македонија,
**Ристо Филиповски**, с. р.

За Собранието на СР Словенија,
**Изток Винклер**, с. р.

За Собранието на СР Србија,
**Богдан Трифуновиќ**, с. р.

За Саборот на СР Хрватска,
**Ема Дероси-Бјелајац**, с. р.

За Собранието на СР Црна Гора,
**Драгутин Вучиниќ**, с. р.

За Собранието на САП Војводина,
**Бранка Лазиќ, с. р.**

За Собранието на САП Косово,
**Гордана Лазиќ, с. р.**

За Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Југославија,
**Ферхад Которик, с. р.**

За Сојузната конференција на социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија,
**Зора Томич, с. р.**

За Советот на Сојузот на синдикатите на Југославија,
**Лазар Зариќ, с. р.**

За Стопанската комора на Југославија,
**Илија Вакиќ, с. р.**

За Советот на академиите на науките и уметностите на Југославија,
**Душан Каназир, с. р.**

За Заедницата на универзитетите на Југославија,
**Александар Обрадовиќ, с. р.**

За Постојаната конференција на градовите и општините на Југославија,
**Марјан Рожич, с. р.**

За Југословенскиот центар за теорија и практика на самоуправувањето „Едвард Кардељ“,
**Борисав Лазаревиќ, с. р.**

# УКАЗИ

Врз основа на член 315 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

## УКАЗ

### ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ГАНА И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ГАНА

I

Се отповикува Ласло Бала од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Гана.

II

Се назначува

Радивое Петковиќ началник на управа во Сојузниот секретаријат за надворешни работи, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Гана.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 30
30 септември 1981 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
**Sergej Kraigher с. р.**

---

Врз основа на член 315 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

## УКАЗ

### ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА

I

Се отповикува

Радован Макиќ од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Сојузна Република Германија.

II

Се назначува

Драгутин Рожман, амбасадор во Сојузниот секретаријат за надворешни работи, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Сојузна Република Германија.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У.бр. 37
12 октомври 1981 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
**Sergej Kraigher с. р.**

# НАЗНАЧУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ПОМОШНИК НА СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАР ЗА ПАЗАР И ОПШТИ СТОПАНСКИ РАБОТИ

Се разрешува од должноста помошник на Сојузниот секретар за пазар и општи стопански работи Ратомир Чалошевиќ, поради заминување на друга должност.

С. п. п. бр. 518
15 октомври 1981 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
д-р **Иво Марган**, с. р.

---

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ" бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАР ЗА ПАЗАР И ОПШТИ СТОПАНСКИ РАБОТИ

Се назначува за помошник на сојузниот секретар за пазар и општи стопански работи Љубомир Лончар, секретар на Комисијата за систем и унапредување на надворешнотрговската мрежа во Стопанската комора на Југославија.

С. п. п. бр. 1133
15 октомври 1981 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
д-р **Иво Марган**, с. р.

---

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА СОЈУЗНАТА ДИРЕКЦИЈА ЗА РЕЗЕРВИ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ

Се назначува за помошник на директорот на Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи Раденко Негиќ, досегашен помошник на директорот на таа Дирекција.

С. п. п. бр. 1143
15 октомври 1981 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
д-р **Иво Марган**, с. р.

---

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА СОЈУЗНАТА ДИРЕКЦИЈА ЗА РЕЗЕРВИ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ

Се назначува за помошник на директорот на Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи Владимир Парадиновиќ, досегашен помошник на директорот на таа Дирекција.

С. п. п. бр. 1164
15 октомври 1981 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
д-р **Иво Марган**, с. р.

---

[illegible] 1 од З[illegible]нот за основите на системот за државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПОТСЕКРЕТАР ВО СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

Се разрешува од должноста потсекретар во Сојузниот секретаријат за надворешни работи Александар Воиновиќ, поради заминување на друга должност.

С. п. п. бр. 1076
15 октомври 11981 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
д-р **Иво Марган**, с. р.

---

Врз основа на член 167 став 2 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

На Данка Конради, помошник на сојузниот секретар за финансии, која со решението на Сојузниот извршен совет У. п. п. бр. 922 од 19 јуни 1980 година е разрешена од должноста, ѝ престанува работниот однос на 31 октомври 1981 година, бидејќи остварила инвалидска пензија.

С. п. п. бр. 1068
15 октомври 1981 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
д-р **Иво Марган**, с. р.

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

Од СР Хрватска

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Баретиќ-Баретиќ Ивана Марија, Боротлаззи-Армандо Етта, Божиќ Ернеста др Драго, Брковиќ Ивана Мартин, Брођанац Марка Мирко, Цвијановиќ-Перковиќ Ивана Ружа, Чала Крсте Павле, Чордашиќ Фрање Фрањо, Чучковиќ-Балтиќ Васиља Драга, Делиќ Антуна Антун, Форменти Петра Винко, Хубер Жељка Жељко, Јениќ Рудолфа инж. Славко, Коларац Стојана Милан, Мачкиќ Душана Милан, Мариќ-Јеличиќ Николе Савица, Медиќ Николе Илија, Моравац Марије Анте, Нуиќ Јосипа Тадија, Штековиќ Јово Ђуро, Узелац-Басара Петра Марија, Вучковиќ Николе Милан, Вукобратовиќ Ђуре Божо, Жутиниќ-Бига Данила Радмила;

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството помеѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Антуновиќ-Микачин Дујама др Смиљана, Арамбашиќ Марка Игнац, Башиќ-Билиќ Анте Аиша, Безјак-Кука Фрање Ана, Бибер Доминка Стево, Борјенац Емилијана Милан, Бркиќ Миле Милош, Ђурчиќ Петра Стево, Димиќ Макса Зденко, Дракулиќ Исе Љубица, Гостовиќ Миќе Мирко, Хорват Игнаца Владо, Јадрешиќ Анте Мате, Јелиќ Ивана Руди, Јерговиќ Антуна Марко, Јурибашиќ-Дамјановиќ Марка Катица, Јуричев-Чаќе Баре Антица, Крња-Марковиќ Анте Франка, Кубовиќ-Ослаковиќ Стјепана Весна, Ласан Филипа Анте — Руде, Лукета Пашке Бенкица, Љубковиќ-Новак Николе Бисерка, Маркоч-Маркоч Ивана Вјекослава, Марушиќ Луке Иван, Михоци Флоријана Антун, Микелиќ Рока Мартин, Миклиќ Фрање Владимир, Милетиќ-Сопчиќ Антуна Маја — Марија, Мраовиќ-Илиќ Милоша Милица, Пахор Јосипа Алојз, Панциров Анте Радослав, Петрац Томе Иван, Петров Грге Љубомир, Синобад Бошка Мирко, Сладољев-Црљенак Мате Кате, Слатинац Раде Милан, Стипишиќ Петра Тома, Шкапец Томе Славко, Штековиќ Ђуре Гојко, Тумбас Миле Ђуро, Вебер Ивана Аугустин, Затезало Ђуре Даница;

— за покажана лична храброст во борбата против непријателот за ослободување на земјата

СО ОРДЕН ЗА ХРАБРОСТ

Безјак-Кука Фрање Ана;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Аниќ Мате Вице, Баришиќ Мате Марко, Беламариќ Јосе Звонко, Белиниќ Стјепана Драгутин, Билаловиќ-Ђозева Илије Зорка, Благовиќ Стјепана Иван, Бошковиќ Јакова Вицко, Бркињач Ивана Иван, Бунета Милана Владимир, Буторац-Блаже Милана Весна, Генчиќ Виктора Вјенцеслав, Цукариќ-Цукариќ Антона Марија, Цурач Ивана Анте, Дуванчиќ Марка Иван, Филиповиќ Јосипа Давор, Фиршт Мартина др Божидар, Главан Бане Александар, Илинчиќ Николе Перо, Јелиновиќ Станка Звонимир, Калауз Ивана Фране, Карабабиќ Мате Иван, Катаниќ Матије Антун, Каузлариќ Фрање Зденко, Клачмер Фрање Фрањо, Клариќ Казимира Мирка, Краљиќ Стјепана Иван, Кучан Фрање Фрањо, Ловрек Стјепана Анђела, Маравиќ Богдана Никола, Мартиновиќ Јосипа Јосип, Милковиќ Мате Марко, Миљевиќ Стеве Илија, Мратиниќ Антуна Антун, Мурета Петра Срећко, Нарделли Петра Бранко, Николиќ Крсте Милутин, Новак Ивана Дамир, Одак Анте Анте (Бегиќ), Остоиќ Томе Здравко, Ошпух Виктора Јосип, Павлиќ Срећка Давид, Петровиќ Јове Никола, Пихнер Ивана Ивица, Плованиќ Фрање Никола, Симиќ Павла Божо, Сунариќ-Миловановиќ Божидара Драгиња „Драгица“, Штрбац Ђорђа Родољуб, Табаин Фране, Талија Олгин Антун, Тасиќ Драгутина Првул, Терјеки Јосипа Јосип, Ушиќ-Ушиќ Мартина Марија, Војвода Антона Видо, Вукина Фрање Јосип, Здравец Блажа Иван, Знидаршиќ Франца Франц, Зулин Петра Анте, Жиц Јакова Антон, Жмегач Фрање Иван;

— за особени заслуги во развивањето и реализирањето на концепцијата на општонародната одбрана и за успеси во подигањето на воено-стручното знаење и борбената готовност

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО ЗЛАТНИ МЕЧЕВИ

Хуњади Мате Мато;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Бакса Елексије Иван, Балија Рудолфа Милан, Бораниќ Вилима Вилим, Борјаниќ Јована Милош, Бранковиќ Николе Милан, Братаниќ Миховила Аполониј, Брлас Мартина Мирјана, Бзик Имбре Антун, Цатела Мате Душан, Цота Николе Златко, Цвиташ Томе Никола, Цвок Ивана Вилим, Чанак Стојише Никола, Чолиќ Павла Бранко, Ћеклиќ Драгутина Перо, Ћук Јована Саво, Делибашиќ Николе Спасоје, Фавро Вицка Драго, Фистониќ Анте Иван, Франчиќ Матије Јосип, Фригановиќ-Гојадиновиќ Анте Марија, Грах Фрање Алојз, Грчиќ Ивана Анте, Хелл Стјепана Звонко, Хрељац Мате Мартин, Илиќ Светислава Бранислав, Јандрагиќ Милутина Јелена, Једрејчиќ Санта Сергио, Јовановски Јордана Миле, Јурај Игнаца Јосип, Кахлина Андрије Станко, Калањ Јосипа Бранко, Катушиќ Анте Анте, Ковачиќ Ивана Милан, Крижан Стеве Драгутин, Ладика-Розгај Славка Звјездана, Лунко Алексе Владимир, Мијарон Лудвика Едуард, Малчиќ Павла Емил, Мандиќ Николе Мирко, Матиќ Саве Никола, Миковиловиќ Јулија Никола-Никица,

Новко Конрада Стјепан Обрадовић Петра Никола, Папић-Собол Ивана Мица, Парађина Јове Владимир, Павловић Матије Лазо, Перкета Шпире Матија, Петровић Ивана Славко, Радовановић Богомира Бранко, Рајевић Петра Иво, Ракоци Јуре Драгутин, Рашета Милана Станко, Рогуљ-Сорић Јуре Јована, Скрбиншек Антона Мирослав, Станковић Зафира Србољуб, Свагуша Ивана Вицко, Шеатовић Михаила Чедомир, Шкобаљ Андрије Владимир, Томашевић Паве Перо, Валицић Анте Мато, Видовић Рока Драгутин, Вукадиновић Петра Светозар, Вукасовић-Босанчић Дује Тереза, Жлебачки Јосипа Стјепан, Жнидарић Јураја Иван;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

## СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Ахметовић Мустафе Суад, Алтић Ахмета Дедо, Анђелић Јосипа Никола, Анић Николе Јосип, Арнуш Игнаца Славко, Бабић-Ловрић Адама Анђа, Балас-Блашковић Ивана Марија, Банај Ђуре Ђуро, Бандало Базила Весела, Баста-Ђукић Саво Анка, Белинић Јосипа Владо, Бембић Зенона Анђело, Бендеља Томе Стјепан, Бенко-Бобетић Виктора Франца, Беновић-Зекавица Милана Маја, Бибић Марка Пашко, Билан Николе Полонија (Сале), Блажевић Петра Иван, Бочина Јосипа Милка, Богдановић Симе Милан, Бокан-Трубарац Мирка Танкосава, Брачић Јере Анте, Брајковић-Кршул Мате Катица, Брала Јакова Фране, Црњак Мате Мијо, Цветнић Јосипа Јосип, Ћосић Јосипа Хрвоје, Череп Фрање Иван, Делић-Сорић Јосе Катица, Димитријевић Мите Стево, Драгојевић Анте Милица, Дракулић-Делић Петра Душанка, Дурбешић Миливоја Томислав, Фистонић Марина Недељко, Фератовић Хасана Сулејман, Флековић-Брајчић Максе Јелена, Франин-Јадрешић Анђела Анка, Франковић Лео Борислав, Гајић Иве Марија, Гашовић-Дерања Богослава Даница, Газдић Фрање Иван, Гиздавчић Стјепана Часлав, Голења-Мартинковић Јосипа Љубица, Голоб Ивана Катарина, Грбеља Анте Јосип, Грдић Војислава Срето, Грозданић Петра Богдан, Гугић Амброзије Зоран, Хајден Ивана Јосип, Хајдуковић Емила Јован, Халама Павла Стјепан, Халгота Стјепана Вендел, Херцигоња Фрање Драгутин, Хлупић Мије Едуард, Хорват Марка Мирослав, Хорват Антуна Перо, Хорватин Вида Вид, Хуљев Јосипа Марија, Хуљев Младена Светин, Ивас-Чичин-Карлов Томе Тонка, Ивас-Петковић Анте Валерија, Ивковић-Покладовић Марка Мара, Ивошевић-Маравић Илије Евица, Ивошевић Николе Мара, Јосиповић Мате Мато, Јовановић Мате Марица, Јурак Антуна Драгутин, Јурић Шиме Јосип, Јурман Павао Јурај, Капетановић-Јаковчевић Мартина Мила, Карађоле Фране Шиме, Кладник Јакоба Јакоб, Клапочић Мате Динко, Класнић-Чврк Матије Сидонија, Кљаић Јакова Бошко, Колар Ивана Фрањо, Комленић-Вујанић Ивана Мара, Корута Николе Перо, Ковач Фрање Алојз, Ковачић Стипе Марин, Крнчевић Славе Винка, Крнић Стипе Фране, Крнић Стеве Милан, Крвавица Ивана Славко, Кужнар Изидора Стјепан, Ласан-Чићин-Радин Томе Антица, Лазић Антуна Јосип, Лицитар Луке Тонка, Лончар Душана Мирко, Лозица Тодора Житомир, Магјер-Саћер Вјексолава Марија, Мајер Јосипа Фрањо, Малнар-Јурковић Јерка Катица, Маравић Саве Филип, Марчина-Бубица Анте Миљенко, Маршић Андрије Марко, Мартић Марка Вицко, Марунчић Мате Душан, Матас Петра Стјепан, Матулић Јакова Борис, Маврић-Јеличић Маријана Катарина, Медић Пере Мирослав, Миклић-Белобраић Мате Даница, Милаис Ивана Крунослав, Миланковић Боже Васо, Милчић Драгутина Божидар, Мирошевић-Маричић Николе Фрања, Митровић-Микулчек Вилима Адела, Маршић Ивана Анђелко, Мудровчић-Кришковић Ивана Олга, Мутинић Анте Грацијела;

